**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА СО ПРАКТИКУМ „ВИЗАНТИЈА ВО ВТОРИОТ МИЛЕНИУМ (ВИЗАНТИЈА II ДЕЛ, 1000-1453)“ ОД ДОЦЕНТ Д-Р СТОЈКО СТОЈКОВ**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-111/11 од Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржан на 13.4.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Коста Аџиевски, редовен професор (во пензија) на Институт за историја при Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, област средновековна историја;
– проф. д-р Тони Филиповски, вонреден професор на Институтот за историја при Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, област средновековна историја.

Откако го прегледа приложениот ракопис за скрипта со практикум „Византија во вториот милениум (Византија II дел, 1000-1453)“ од доц. д-р Стојко Стојков, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Материјалот на ракописот за скрипта со практикум „Византија во вториот милениум (Византија II дел, 1000-1453)“ од доц. д-р Стојко Стојков е во согласност со наставните програми и е наменет за следните предмети што се предаваат на Факулетот за образовни науки во Штип:

*а. Според елаборатотот за периодот 2012 - 2016 г.:*

– Источно Римско Царство (Византија) од XI век до 1453, трети семестар, 3+2+2 часови, 8 кредити, задолжитечен предмет, студиска програма Историја
– Источно Римско Царство (Византија) од XI век до 1453 година, петти семестар, насока Археологија, 2+1+1 часови, 4 кредити, изборен предмет, студиска програма Археологија.

*б. Според поднесениот елаборат за 2017 – 2021 на истиот факултет:*

– Империјата на Новиот Рим (Византија, 1025 – 1453 г.), трети семестар, 3+2+2, 8 кредити, задолжителен предмет, студиска програма Историја;
– Империјата на Новиот Рим (Византија, 1025 – 1453 г.), трет семестар, 3+2+2, 8 кредити, задолжителен предмет, студиска програма Историја - применета насока.

**Податоци за обемот на ракописот**

Ракописот е напишан на македонски јазик во А4 формат, фонт Arial, големина на буквите во целиот текст е 11. Материјалот содржи 107 страници од кои 88 страници текст дополнет со богат библиографски материјал, кој на студентите ќе им овозможи да имаат увид во стручната литература од оваа област и според својот личен интерес да ги вршат нивните индивидуални истражувања.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Слична скрипта во Република Македонија не е издадена. Студентите на Факултетот за образовни науки веќе подолго време имаат потреба од соодветна скрипта за историјата на Византија од 1000 до 1453 г. Авторот ги зел предвид токму потребите на студентите на

Факултетот за образовни науки и ја приспособил скриптата за потребата на програмите на истиот факултет. Затоа, објавувањето на оваа скрипта ќе претставува голем придонес за успешна реализација на наставата и усвојувањето на материјалот по предметот Историја на Византија од 1000 до 1453 г. на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“, кој воедно ќе биде и прв универзитет со електронско издание на ваква скрипта во Република Македонија.

**Краток опис на содржината**

Материјалот од скриптата е поделен во десет глави, од кои секоја опфаќа посебна тематска и хронолошка целина. Секоја глава е поделена на поднаслови кои се совпаѓаат со испитните прашања.

Првата глава, под наслов ***Од триумф кон криза (1000-1056)***, го опфаќа времето од врвот на моќта на византиската империја во времето на Василиј II до почетокот на длабоката криза што ја зафатила империјата во втората половина на XI век.

Во втората глава, што носи наслов ***Економски и социјални промени во византиското општество во XI век,*** авторот ги проследува внатрешните промени во Византија кои се јавуваат како причина за кризата и трансформацијата на оваа држава во наредниот период. Истата глава служи и како вовед во доцна средновековна Византија, која структурно се разликува од империјата во поранешниот период.

Третата глава, со наслов ***Кризата во третата четвртина на XI век***, ги проследува процесите на длабоката вантрешна криза што го зафатила Царството во третата четвртина на векот.

Четвртата глава целосно му е посветена на императорот ***Алексиј Комнин***, кој успеал да ја извлече империјата од кризата, да ја спаси од надворешните непријатели и темелно да ја преуреди.

Петтата глава, со наслов ***Апогеј и пад на Комнините***, го опфаќа времето на владеење на наследниците на императорот Алексиј Комнин, до падот на ова династија во 1185 година.

Шестата глава, под наслов ***Династијата на Ангелите и падот на Констатнипол (1185 – 1204)***, ги запознава студентите со новата криза што ќе ја зафати империјата кон крајот на XII и почетокот на XIII век и ќе доведе до падот Византија во 1204 г. од крстоносците во Четвртиот крстоносен поход.

Седмата глава, со наслов ***Борба за византиското наслетство***, ги проследува судирите меѓу различните држави претенденти на византиското наследство, од падот на Константинопол во рацете на крстоносците до неговото освојување од страна на Никејците во 1261 г. што се зема и како година на обнова на Византиското Царство.

Осмата глава, што носи наслов ***Византија 1261 – 1354 г.***, е посветена на последните, неуспешни обиди на Византија да ја обнови својата некогашна моќ, како голема регионална сила, и нејзиното претворање во инфериорна државичка, која не е во состојба да се одбрани од нападите на соседните држави - султанатот на Турците Османлии и средновековната српска држава.

Деветтата глава го опфаќа ***Внатрешен развој на Византија до средината на XIV в.*** Таа го опфаќа истиот период како и претходната глава, но за разлика од неа се концентрира на внатрешните економски, социјални, религиски и културни промени на Царството.

Последната десетта глава носи наслов ***Заодот на империјата***. Во неа авторот ја проследува долгата агонија на последните остатоци од некогашната славна империја, сè до нејзиното ликвидирање кон средината на XV век.

Практикумот вклучува историски извори кои им помагаат на студентите подобро да го разберат и совладаат материјалот. Притоа, авторот посочува дека би било подобро да има повеќе историски извори, што е тешко да се изведе, бидејќи на македонски јазик нема христоматија со византиски извори. Објавените извори во практикумот се преведувани од авторот од странски изданија.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега изнесеното, Комисијата констатира дека ракописот за скрипта со практикум со наслов „Византија во вториот милениум (Византија II дел, 1000-1453)“ од доц. д-р Стојко Стојков е напишан во согласност со програмската содржина, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема корист на студентите за поуспешно совладување на наставните содржини по предметите за коишто е наменет.

Врз основа на понапред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки **да го прифати ракописот со наслов „Византија во вториот милениум (Византија II дел, 1000-1453)“ од доц. д-р Стојко Стојков и истиот да го одобри за користење како скрипта со практикум**. Во исто време Комисијата предлага органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да се заложат за соодветно издавање на рецензираниот ракопис.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Коста Аџиевски, с.р.**
**Проф. д-р Тони Филипоски, с.р.**